**20242093615**

## ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 36 став (5) од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр.59/00, 12/03, 55/05, 37/06, 115/07, 19/08, 82/08, 10/10, 51/11, 15/13, 139/14, 196/15, 142/16, 140/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.98/19), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 8 октомври 2024 година, донесе

## ПРОГРАМА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА ПОТТИКНУВАЊЕ НА ЕНЕРГЕТСКАТА ЕФИКАСНОСТ ВО ДОМАЌИНСТВАТА ЗА 2024 ГОДИНА

I

Во Програмата за поттикнување на енергетската ефикасност во домаќинствата за 2024 година („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.13/24), во делот I зборовите „раздел 10001 - Министерство за економија“ се заменуваат со зборовите „раздел 10101 - Министерство за енергетика, рударство и минерални суровини“.

II

Во делот II став 1 во воведната реченица износот „210.000.000,00“ се заменува со износот „110.000.000,00“.

Во точката 1 износот „100.000.000,00“ се заменува со износот „55.000.000,00“.

Во точката 2 износот „110.000.000,00“ се заменува со износот „55.000.000,00“.

Во ставот 2 зборовите „Министерството за економија“ се заменуваат со зборовите „Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини“.

III

Во делот IV став 1 во точката в) зборовите „и на министерот за економија ќе му предложат доделување на потврди-ваучери за купување и вградување високоефикасни инвертер клима уреди“ се бришат.

Во точката г) по зборовите „прв дојден, прв услужен“ се додаваат зборовите „и на министерот за економија и труд ќе му достават извештај со прилог табели со уредни и комплетни барања, најдоцна до 15.10.2024 година, а министерот за економија и труд ќе ги достави истите до министерот за енергетика, рударство и минерални суровини, најдоцна до 19.10.2024 година, заедно со целокупната документација по јавниот оглас“.

Во ставот 2 зборовите „Министерството за економија“ се заменуваат со зборовите „Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини”.

Во ставот 4 зборовите „Министерството за економија“ се заменуваат со зборовите „Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини”.

IV

Во делот V во точката в) зборовите „со кои Министерството за економија ќе склучи договор“ се бришат.

Точката г) се менува и гласи:

„Комисијата ќе има за цел да ја утврди исполнетоста на условите за избор на правни субјекти кои вршат трговија на високоефикасни инвертер клима уреди наведени во јавниот повик и до министерот за економија и труд да достави извештај за избор со прилог

табели со уредни и комплетни барања, најдоцна до 15.10.2024 година, а министерот за економија и труд ќе ги достави истите до министерот за енергетика, рударство и минерални суровини, најдоцна до 19.10.2024 година, заедно со целокупната документација по јавниот повик. Врз основа на извештајот за избор со прилог табели со уредни и комплетни барања, Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини ќе склучи договори за начинот на искористување на доделените потврди-ваучери за купување и вградување високоефикасни инвертер клима уреди;“.

Во точката д) зборовите „Министерството за економија“ се заменуваат со зборовите „Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини“.

V

Во делот VI зборовите „Министерството за економија“ се заменуваат со зборовите „Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини“.

VI

Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 41-9713/3
8 октомври 2024 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Северна Македонија,
проф. д-р **Христијан Мицкоски,** с.р.